Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 , 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија" 96/19 и 110/19), како и врз основа на член 50 став 6 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 161/2019) министерот за образование и наука донесе скратена наставна програма по наставниот предмет Историја за VII одделение на деветгодишното основно образование за учебната 2020/21 година

## 1. Вовед

Скратената наставна програма по наставниот предмет Историја се базира на целите предвидени со наставната програма за наставиот предмет што редовно се реализира согласно утврдениот наставен план.

Со скратената програма се утврдуваат определени теми и наставни единици што треба да се реализираат за 159 наставни денови, при што се запазува предвидениот неделен фонд на часови утврден во редовната програма, односно наставен предмет со 2 часа неделно односно 64 часа годишно во скратената програма.

Наставникот при планирањето и реализацијата на наставните единици од скратената програма се води од целите, определените поими, методите и активностите утврдени во редовната наставна програма.

Предметот историја има значајно место во воспитно-образовниот процес во основното деветгодишно образование бидејќи учениците треба да усвојуваат суштински, систематизирани и научно потврдени знаења. Тие треба да стекнат основно разбирање на минатото и сегашноста на историјата на цивилизациите и нејзините главни етапи. Изучувањето на историјата треба да изгради свест и позитивни ставови за одредени историски настани, движења, личности во историската борба за демократија и човекови права.

Наставата по историјата, исто така, дава придонес во изградувањето вредносен систем на однесување кон својот народ и држава, кон другите народи и држави, да им помага на младите да ја разбираат сегашноста во светлината на минатото и сè она што претставува цивилизациско достигнување во светот во духот на граѓанските вредности и демократијата, како и да го продлабочи интересот за натамошно изучување на историските настани и процеси.

2. Преглед на теми и наставни содржини

Тема: **Светот и Европа во раниот среден век 5+3=8**

Темата се обработува со 5 часа за нови содржини + 3 часа за вежби и повторување. Наставниот час е планиран да трае 30 минути

Содржини:

1. Општи карактеристики на средниот век
2. Големата преселба на народите
3. Државата на Франките
4. Појавата на Исламот
5. Источно римско царство (Византија)

**Тема: Балканот во раниот среден век 4+3=7**

Темата се обработува со 4 часа за нови содржини + 3 часа за вежби и повторување. Наставниот час е планиран да трае 30 минути

Содржини:

6. Населување на Словените на Балканот
7. Промените на Балканот по доселување на Словените
8. Создавање на Бугарската држава
9. Создавање на Дукља и Рашка
10. Албанија во раниот среден век

**Тема: Македонија во раниот среден век  8+5=13**

Темата се  обработува со 8 часа за нови содржини + 5 часа за вежби и повторување. Наставниот час е планиран да трае 30 минути

Содржини:

11. Населувањето на Словените во Македонија
12. Појава и развиток на словенската писменост и култура
13. Дејноста на Св. Климент и Св. Наум
14. Богомилско движење
15. Создавање и ширење на македонската средновековна држава
16. Организација и пропаѓање на Самуиловата држава
17. Охридска архиепископија
18. Востанија во Македонија во XI век

**Тема: Светот и Европа во развиениот и доцниот среден век 3+1=4**

Темата се  обработува со 3 часа за нови содржини + 1 час за вежби и повторување. Наставниот час е планиран да трае 30 минути

Содржини:

19. Настанување и развиток на средновековните градови
20. Хуманизам и ренесанса
21. Големите географски откритија
22. Животот и културата во средниот век (до крајот на XVIII век)

**Тема: Балканот во развиениот и доцниот среден век 8+4=12**

Темата се обработува со 8 часа за нови содржини + 4 часа за вежби и повторување. Наставниот час е планиран да трае 30 минути

Содржини:

23. Византија од XII до XV век
24. Подем на Бугарија и Србија
25. Албанското кнежевство и деспотот Арта (XII – XIII век)
26. Албанските кнежевства во XIV век
27. Османлиската држава
28. Потпаѓање на Балканските држави под османлиска власт
29. Животот и културата на Албанците до XIV век.
30. Животот и културата на балканските земји до крајот на XIV век (Србија и Бугарија)

**Тема: Македонија во развиениот и доцниот среден век 5+3=8**

Темата се обработува со 5 часа за нови содржини + 3 часа за вежби и повторување. Наставниот час е планиран да трае 30 минути

Содржини:

31. Самостојни владетели во Македонија во XIII век
32. Самостојни феудални држави во XIV век
33. Потпаѓање на Македонија под османлиска власт
34. Животот и културата во Македонија до крајот на XIV век
35. Власите во Македонија во средниот век

**Тема: Балканот и Македонија под османлиска власт до крајот на XVIII век 8+4=12**

Темата се обработува со 8 часа за нови содржини + 4 часа за вежби и повторување. Наставниот час е планиран да трае 30 минути

Содржини:

36. Колонизација и исламизација во налканските земји
37. Отпори против османлиската власт во Балканските држави
38. Албанија во првата половина на XV век
39. Востанието на Скендербег
40. Воените судири на Скендер-бег со османлиската војска
41. Ликот и делото на Скендербег
42. Албанија по востанието на Скендер -бег
43. Албанците во XVII и XVIII век
44. Карпошевото востание
45. Македонија по Карпошевото востание (XVII – XVIII век)
46. Положбата на Охридската архиепископија во Османлиската држава
47. Животот и културата во Македонија од XV-XVIII век
48. Животот и културата кај Албанците од XV-XVIII век

ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ 48 НАСТАВНИ СОДРЖИНИ, НАСТАВНИЦИТЕ ВО СВОЕТО ГОДИШНО И ТЕМАТСКО-ПРОЦЕСНО ПЛАНИРАЊЕ ЗАДОЛЖИТЕЛНО ТРЕБА ДА РЕАЛИЗИРААТ 35 СОДРЖИНИ

## 3. Дидактички препораки

При реализацијата на наставната програма по историја наменета за учениците од VII одделение се поаѓа од развојните можности, возраста, способностите и интересите на учениците. Наставните содржини се изучуваат преку историјата на секојдневното живеење, културата, обичаите, а не преку војните. Наставникот ги поттикнува учениците да се запознаат и да ги сфатат историските процеси, а не инсистира на фактографско помнење на сите датуми од историскиот период што се разработува.
Оваа наставна програма е структурирана за да поттикнува кај ученикот интегриран развој во сфаќањата на општествениот развој во историскиот период, а целите, содржините и активностите се компонирани за меѓусебно поврзување на одредените содржини со наставните предмети од општествената група на науки (мајчин јазик, ликовна и музичка уметност, географија, општество, граѓанска кулутура и др.).

Препораките за годишниот фонд на часови се дадени само како ориентација заедно со конкретните цели и теми/содржини.
Предметниот наставник не се ограничува во прераспоредувањето на темите и содржините според потребите при реализацијата, туку сопствената креативност и поинаквото користење на часовите треба да го проценува според достигањата на неговите ученици, т.е. според промените во квалитетот на знаењата и способностите кои тие ги постигнуваат.
Наставникот ќе користи наставни средства и помагала што се определени со редовната наставна програма.

Според поставените цели на наставната програма по историја наставникот во текот на наставниот процес редовно ги следи и вреднува знаењата и постигањата на учениците и ги прибира показателите за нивните активности, потоа мотивираноста за учење - оваа компонента е основен и составен дел на планирањето на наставникот за наставата и учењето. За проверување и оценување на постигањата на учениците во рамките на наставниот материјал и наставните теми дадени во наставната програма, наставникот треба да ги има предвид следниве компоненти: усно излагање, презентација, наставни ливчиња, ученички квиз, играње на улоги.

4. **Норматив за наставен кадар**

Скратената наставна програма ја реализира наставник согласно нормативот за наставен кадар даден во редовната настава програма.

Скратената наставна програма по наставниот предмет Историја за VII одделение во основното образование за учебната 2020/2021 година ја утврди

Бр.12-8424/63 Министер за образование и наука

16.9.2020 Мила Царовска